ФЗОРСМ
FSSHRMV

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Бр. 04-13171/7
26-08-2026 2026 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл. весник на РСМ" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Конечната ранг листа на кандидатите од сите фази на селекција за вработување и предлогот за вработување на кандидат со најголем број освоени бодови по Јавен оглас бр. 475/2026 од Агенцијата за администрација со бр. 10-1692/10 од 24.8.2026 година, а наш број 04- 13171/6 од 25.8.2026 година, в.д. директорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, донесе:

О Д Л У К А
За избор на кандидат за вработување по јавен оглас

1. По Јавен оглас бр. 475/2026 за вработување на 1 (еден) административен службеник на неопределено време во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, од предложената Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидат со најголем број освоени бодови по Јавен оглас бр. 475/2026 од Агенцијата за администрација со бр. 10-1692/10 од 24.8.2026 година, а наш број 04-13171/6 од 25.8.2026 година, за извршител на работното место Контролор, со звање контролор во подрачна служба, во Одделение за контрола, во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија – Подрачна служба Скопје, со шифра на работно место ФЗО0102В02001, се избира ФАТИ СУЛЛЕЈМАНИ.
2. Избраниот кандидат ќе заснова работен однос по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

*О б р а з л о ж е н и е*

По добивање на писмена согласност од Министерството за финансии на Република Северна Македонија, за обезбедени финансиски средства со бр. 19-1672/2 од 11.3.2026 година, и наш бр. 04-3855/2 од 11.3.2026 година, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија поднесе барање до Агенцијата за администрација за објавување на Јавен оглас за вработување на 1 (еден) административен службеник на неопределено време. Агенцијата за администрација постапувајќи по поднесеното барање, на 9 јули 2026 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници Вечер, Нова Македонија и Коха, објави Јавен оглас бр.475/2026, за пополнување на работното место Контролор, со звање

контролор во подрачна служба, во Одделение за контрола, во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија – Подрачна служба Скопје, со шифра на работно место ФЗО0102В02001.

Агенцијата за администрација, со Решени број 10-1692/4 од 13.7.2026 година формираше Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас.

По спроведената Фаза 1 – административна селекција за вработување, од постапката за селекција за вработување, се утврди дека кандидатот Фати Сулејмани, ги исполнува условите предвидени во огласот, со што кандидатот стекна право да продолжи во понатамошните фази на постапката. Кандидатот, успешно го положи и испитот за административен службеник (Фаза 2 – испит за административен службеник) со што стекна право да продолжи во Фаза 3 – проверка на веродостојноста на доказите и интервју.

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас, по спроведување на сите три фази од постапката за селекција за вработување: Фаза 1- административна селекција за вработување, Фаза 2 – испит за административен службеник и Фаза 3 проверка на веродостојноста на доказите и интервју, и врз основа на добиените бодови од трите фази, изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидат со најголем број освоени бодови по Јавен оглас бр. 475/2026 со бр.10-1692/10 од 24.8.2026 година, а со наш број 04-13171/6 од 25.8.2026 година.

Врз основа на Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови по Јавен оглас бр. 475/2026 со бр10-1692/10 од 24.8.2026 година, а со наш број 04-13171/6 од 25.8.2026 година, и согласно горенаведеното в.д. директорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

В.Д.ДИРЕКТОР,
м-р Златко Перински

Изготвил: Радица Димовска
Одобрил: Зоран Печевски
Лекторирал: Виолета Ташаминов